РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АПЕЛАЦИОНЕН СУД
СУ-96/2024
23.01.2024 година
Ш Т И П

**АКЦИОНЕН ПЛАН**
**ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЗАОСТАТОК НА СТАРИ НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ ЗА 2024 ГОДИНА**

**1.**Апелациониот суд Штип заклучно со 31.12.2023 година имал 134 нерешени предмети кои се сметаат за стари ( по критериум од датумот на прием во Основен суд да се поминати повеќе од три години) од кои: КЖ - 13 предмети, ГЖ – 93 предмет, ТСЖ – 25 предмети и РОЖ – 3 предмети.

Предметите по уписник и по судија се дадени во следните табели:

Во **Табела бр.1/1** се изнесени податоци за нерешени стари кривични предмети над 3 години според годината на прием во основен суд кои се вкупно 13 кривични предмети.

**Табела бр.1/1**

| Уписник | Година на прв прием во ОС | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | |
| КЖ | | | | | 1 | 1 | 11 | **13** |
| КЖМ | | | | | | | | **0** |
| КСЖ | | | | | | | | **0** |
| ПРКЖ | | | | | | | | **0** |
| КР | | | | | | | | **0** |
| **Вкупно:** | | | | | 1 | 1 | 11 | **13** |

Во **Табела бр.1/2** се изнесени податоци за тоа кај кој судии во Апелационен суд Штип се наоѓаат во работа овие нерешени кривични предмети по сите основи.

**Табела бр.1/2**

| РБ | Судија | Уписник | Година на прв прием во ОС | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
| 1 | Весна Димитриевска Накова | КЖ | | | | | | 1 | 2 |
| 2 | Данка Ристова | КЖ | | | | | | | 3 |
| 3 | Мирјанка Гоцевска Стефановска | КЖ | | | | | 1 | | 3 |
| 4 | Тони Делев | КЖ | | | | | | | 3 |

Во **Табела бр.1/3** се изнесени податоци за нерешени стари граѓански предмети над 3 години според годината на прием во основен суд, по сите основи во вкупен број од 121 предмети.

**Табела бр.1/3**

| Уписник | Година на прв прием во ОС | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | |
| ГЖ | | | 3 | | 3 | 20 | 67 | **93** |
| ТСЖ | 1 | | 1 | | 2 | 6 | 15 | **25** |
| РОЖ | | | | | | | 3 | **3** |
| Р | | | | | | | | **0** |
| **Вкупно:** | 1 | 0 | 4 | 0 | 5 | 26 | 85 | **121** |

Во **Табела бр.1/4** се изнесени податоци за тоа кај кои судии во Апелационен суд Штип се наоѓаат овие нерешени предмети по сите основи.

**Табела бр.1/4**

| РБ | Судија | Уписник | Година на прв прием во ОС | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
| 1 | Весна Димитриевска Накова | РОЖ | | | | | | | |
| 2 | Данка Ристова | РОЖ | | | | | | | 1 |
| 3 | Мирјанка Гоцевска Стефановска | РОЖ | | | | | | | 1 |
| 4 | Тони Делев | РОЖ | | | | | | | 1 |
| 5 | Светлана Јованова | ГЖ | | | 3 | | 3 | 20 | 67 |
| | | ТСЖ | 1 | | 1 | | 2 | 6 | 15 |
| | | РОЖ | | | | | | | |

**2**. Претседателот на Апелационен суд Штип, ќе ја следи работата со старите нерешени предмети во судот преку АКМИС програмата, преку работното тело во судот и заедно со претседателите на советите и судиите ќе предлагаат мерки за решавање на старите предмети и надминување на пречките при тоа. Претседателот следењето на исполнувањето на планот и евентуално негово дополнување и измена ќе го разгледува секој месец на редовна седница на судиите, седниците на советите како и со заеднички непосреден увид во списите на предметитие со цел изнаоѓање решение за надминување на пречките и побрзо решавање на предметите.

**3.** Судиите на секои три месеци да доставуваат писмен извештај за старите нерешени предмети со причините за нерешавањето и со план кога предметот би се решил, со тоа што првиот извештај да биде доставен до Претседателот на судот најдоцна до 05.04.2024 година и да се однесува на периодот Јануари- Март 2024 година, па следствено на тоа и во иднина на секои три месеци.

Во рамките на тој извештај секој судија треба да образложи и акциски план за решавање на старите предмети во кој план ќе има објективни и оптимални рокови со конкретно наведени дејствија кои треба да се превземат, вклучително и од страна на судијата, со цел побрзо завршување на тие предмети.

**4.** Во 2024 година обврска е на сите судии во Апелационен суд Штип да дадат приоритет во решавање на старите предмети и тоа на начин што да се даде приоритет на предметитие кои се од најстар датум на прием, па последователно, со цел нивно најбрзо решавање. Воедно, да се почитуваат законските и одредбите од Судскиот деловник кои се однесуваат на закажувањето на рочиштата и земањето во работа на предметите.

При тоа судиите да го известуваат Претседателот на судот за пречки при постапувањето со цел негова помош со упатување на ургенции и на друг начин, согласно Закон, а особено ако имаат проблем со доставата на писмената, недоставување на вештачење и др.

**5.** Со ажурно решавање на старите предмети ќе се придонесе за намалување на поплаките на граѓаните за работата на судството , но и намалување на трошоците во Судскиот буџетски совет за исплата на надоместоци за судење во неразумен рок.

**6.** Во Апелациониот суд во Штип се планира во 2024 година и реално е да се очекува да се намали бројот на нерешени стари предмети со исклучок на оние предмети кои од објективни причини не можеле да се решат во тој рок и под услов да нема зголемен прилив на предмети во судот и до колку се изберат нови 5 судии во Апелационен суд Штип по објавените три огласи и ушште три судии дополнително по поднесување на барање од наша страна за објабување на оглас за избор на уште тојца судии со што ќе зголеми бројот на судии во Граѓанскиот и Кривичниот оддел и се очекува во голема мера да се намали заостатокот на нерешени предмети. Ова од причина што од систематизираните 16 судиски места во првата половина на 2023 година Апелационниот суд во Штип работеше во состав од 9 судии од кои 3 граѓански судии и 5 кривични судии, а во месец јуни 2023 година еден кривичен судија замина во старосна пензија , а пак од месец септември до месев декември тројца граѓански судии заминаа во старосна пензија така што моментално судот рабпти со еден граѓански судија и четири кривични судии, од кој еден од средината мна месец јануари остана на подолготрајно боледување, така што според годишниот распоред за работа работат тројца кривични судии вклучувајчи го и Претседателот на судот и еден граѓански судии во мешовити совети.

АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП
Претседател
Тони Делев